# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

НОЕМВРИ 2013 - БРОЈ 23




# НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

## НОВО ОУ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ




www.gazibaba.gov.mk

БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА
0800-42222
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА
070/254-772
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА





# Пуштена во употреба новата детска градинка "Морковче"

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, претседателот на советот, Милан Андоновски и директорот на градинката "25 Мај", Емилија Николовска, со симболично сечење на лента свечено беше пуштена во употреба новата детска градинка "Морковче" во населеното место Колонија.

Во општина Гази Баба ова е прв изграден објект на детска градинка после 28 години и прв објект од ваков вид во руралната средина на Општината.

Заедничката инвестиција за изградба на градинката е 28 милиони денари, од кои 25 милиони се од општина Гази Баба, а 3 милиони од Министерството за труд и социјална политика, а капацитетот на градинката е за 80 деца.

Градоначалникот Тони Трајковски истакна дека општината заедно со Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика во наредниот период ќе работат на подобрување на условите во останатите објекти на градинките и на изградба на вакви капацитети во останатите населени места каде што нема.

Во општина Гази Баба со новиот, има вкупно 12 објекти, каде се згрижуваат околу 1600 деца.







# Започна изградбата на новото училиште во Железара

Во населба Железара, започна изградбата на новото основно училиште "Григор Прличев". Постоечкото училиште е изградено во 1965 год од материјал за времена градба.

Вкупна вредност на проектот, согласно избраната понуда од фирмата Жикол изнесува 72.444.954 ден

Капацитетот е проектиран за 400 ученици, а статиката е димензионирана така што во иднина, доколку се зголеми бројот на децата, да може да се догради за плус еден кат. Планиран е подрумски простор, приземје и еден кат, со вкупна површина на објектот од 2053 м2.

Училиштето е проектирано со сите потребни стандарди: има 12 училници за настава, од кои една е за целодневна настава. Има кабинети за: физика и хемија, историја и географија, музичко, уметност и компјутерска лабораторија, планиран е простор за библиотека и медиотека, трпезарија со сервиска кујна, машинско одделение со работилница за тековно одржување на објектот, како и потребен магацински простор.

Обезбеден е лесен пристап за лицата со посебни потреби, со пристапни рампи и лифт. Објектот е енергетски ефикасен,




согласно сите градежни и енергетски стандарди со што ќе се придонесе за заштеда на енергијата, како за ладење така и за греење. Инсталациите и опремата која што ќе се вгради се во согласност со најновите технолошки решенија. Во меѓувреме додека се гради новото училиште се направи адаптација на просторот во стариот објект за да продолжи наставата, односно нема да има застој во реализација на планираните наставни планови.






Почитувани сограѓани,
деновиве општината го одбележува својот 37 роденден, односно на 3-ти ноември 1976 год. е конституиран првиот состав на Советот на општината.

Може да се забележи дека општината со крупни чекори се движи напред. Тоа се должи на заедничкото учество на општинската администрација, советот на општината, урбаните и месните заедници, невладините организации, бизнис заедницата, младите, пензионерите и останатите кои активно учествуваат во реализацијата на одредени проекти. Би сакал на сите нив да им се заблагодарам и верувам дека заеднички и во иднина ќе учествуваме во развојот на нашата општина.

Исто така, правејќи анализа на планираната стратегија за локален економски развој на општината за изминатиов период, може да се заклучи дека најголем дел од планираните проекти се реализирани.

Во таа насока за следниот период од страна на советот на општината беше усвоена новата стратегијата за Локален економски развој за период 2013 - 2017, каде точно за наредниот четиригодишен период се дефинирани развојните планови на општината. При креирање на оваа стратегија активно се вклучија сите чинители кои претходно ги набројав.



Градоначалник на Општина Гази Баба
Тони Трајковски

Како доказ дека и во наредниот период со несмалено темпо ќе работиме на реализација на капиталните проекти, се и последните неколку реализирани.

Деновиве се пушти во употреба новата градинка "Морковче", во дворот на ОУ Његош. Ваков објект за првпат е изграден после 28 години, а е прв објект за згрижување на најмладите жители на Гази Баба, изграден во рурален дел на општината.

После 48 години започнавме со изградба на нова зграда на ОУ "Григор Прличев" во н. Железара.

Во моментов во соработка со Град Скопје работиме на реализација на капиталниот проект фекална канализација за населените места Трубарево, Гоце Делчев и Јурумлери, како и изградба на патната и комуналната инфраструктура во новата населба Хиподром 2.

Во соработка со Агенцијата за млади и спорт работиме на изградба на повеќенаменско игралиште во н.Триангла, а истовремено во тек е избор на фирма за доизградба на спортската сала во Ченто.

Во соработка со Министерството за образование и наука работиме на промена на прозорите на ОУ 25 Мај, како и комплетна санација на основното училиште Наум Охридски во Раштак.

Ова се мал дел од проектите кои во моментов се реализираат. Верувам дека до крајот на оваа година најголем дел од планираните проекти за оваа година ќе бидат реализирани.

Почитувани сограѓани, овој дел од годината е и период кога се планираат програмите и буџетот за следната година. Затоа, Ве повикувам активно да се вклучите со Вашите предлози на проекти, кои во соработка со советот ќе ги имплементираме во програмите и буџетот за 2014 год. Знам дека заедно со Вас, како досега така и во наредниот период, ќе учествуваме во реализацијата на планираните проекти и креирањето на новиот и модерен лик на Гази Баба.

Нека ни е честит роденденот на Општината, 3-ти ноември.

# Посети на урбани и месни заедници

Градоначалникот Тони Трајковски со дел од општинската администрација континуирано ги посетуваат урбаните и месните заедници. Овој вид на комуникација со граѓаните е многу важен, бидејќи градоначалникот изворно ги добива информациите за потребите на граѓаните во населените места и проблемите со кои се соочуваат. На работните средби граѓаните, градоначалникот и општинската администрација заеднички наоѓаат решенија за надминување на постоечките проблеми и даваат предлози за подобрување на условите за живеење.

Во период кога се подготвуваат Програмите за работа за 2014 година, на овие средби заедно со граѓаните на Општина Гази Баба се дефинираат и приоритетите во населените места, кои ќе бидат вградени во Програмите и Буџетот за 2014 година.



# Решенија за легализација

Општина Гази Баба во континуитет работи на проектот легализација. До сега Општината има издадено околу 2300 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица.

Се потсетуваат граѓаните кои немаат доставено елаборати, да не го чекаат последниот термин, јуни 2014 година, бидејќи може да се случи кога граѓаните ќе побараат да им се изготви елаборат, фирмите кои се овластени да немаат капацитетет да го сторат тоа.

Досега од околу 16000 поднесени Барања за легализација, само околу 8000 се со елаборати, што значи околу половина од граѓаните се уште немаат поднесено елаборати. Ако навреме се доставаат елаборатите, службите во општината ќе може навреме да ги решат предметите.

# Промовиран Центарот за згрижување на лица - жртви на семејно насилство

Во просториите на Министерството за труд и социјална политика, се одржа прес конференција, на која градоначалникот Тони Трајковски и министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов го промовираа Центарот за згрижување на лица - жртви на семејно насилство.

Министерот Диме Спасов рече дека е многу важно да се реализираат активности во рамките на институциите, со цел брзо и ефикасно да се одговори на семејното насилство, со што поефикасно ќе се заштитат жртвите. Во таа насока, Министерството за труд и социјална политика реализира голем број на активности, меѓу кои е и изградбата на Центарот за згрижување на лица - жртви на семејно насилство. Досега има отворено четири вакви Центри, и тоа во Скопје, Битола, Кочани и Свети Николе.




Со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНДП и општина Гази Баба, се изгради нов Центар за жртви на семејно насилство, кој ќе обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае 3 месеци со можност за продолжување до една година, давање на советодавни услуги и соработка со граѓански здруженија.

Градоначалникот Тони Трајковски се заблагодари на Министерството за труд и социјална политика и на Канцеларијата на УНДП за реализирањето на еден ваков проект, кој е од големо значение за граѓаните од општината и пошироко.

Општината од самиот почеток активно се вклучи и даде поддршка на овој проект, каде што учествуваше со избор на фирма и комплетна постапка за изградба на објектот, за кој ќе обезбеди 24 часовен надзор на објектот, со поставување на чуварска служба.

Во изминатите десет години, општината дава подршка во згрижувањето на лицата - жртви од семејно насилство, во соработка со невладината организација Кризен центар "Надеж", за која обезбедува простор за нивно функционирање.

# *Се уредува Дневен центар за стари лица*

Во населба Маџари, Општина Гази Баба започна со реконструкција на дел од објектот ( кино Маџари) каде ќе се отвори Дневен центар за стари лица. Дневниот центар е потреба на старите лица за исполнување на слободното време кое ќе го искористат на организиран начин, а ќе имаат и поддршка од стручен тим.

На отпочнувањето на работите присуствуваа министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на Советот, Милан Андоновски, членови на Советот на Гази Баба, претседателот на Сојузот на пензионери, Драги Аргировски и претставнивци на здружението на пензионери Гази Баба.

Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов на прес конференцијата истакна дека Владата на Република Македонија води активна политика со која нуди решенија за проблемите на старите лица, превземајќи активности за подобрување на нивната економска и социјална положба. Со носењето на Националната стратегија за стари лица во 2010 год. се предвидуваат низа мерки, помеѓу кои и отворање на Дневни центри за стари лица

Градоначалникот Тони Трајковски ја истакна соработката со Министерството за труд и социјална политика во отворањето на Дневниот центар за стари лица, кој се прави во објектот на кино Маџари.

Вкупната финансиска конструкција е околу 4.000.000,00 денари, од кои 3.400.000,00 денари е инвестиција на општина Гази Баба за комплетна санација на кровната конструкција, фасадата, комплетна замена на вратите и прозорците, уредување на внатрешниот простор со замена на подот и комплетна санација на електричната инсталација.

Министерството за труд и социјална политика ќе учествува со 600.000,00 денари за опремување на просториите на Дневниот центар.





# Промоција на рекреативна патека во Раштак





Општина Гази Баба на падините на Скопска Црна Гора, во атарот на Раштак промовираше рекреативна патека. Природната патека, ливадите, изворите, потоците и чешмите, општината само ги направи подостапни за граѓаните, надополнувајќи ги со содржини за одмор (летниковци, клупи), како и мостови за премини преку рекичката.

Со ова, општината сака да направи услови и да го промовира руралниот туризам во оваа прекрасна природа на Скопска Црна Гора. Патеката е во должина од 1,5 км, поминува низ ливади и шума, каде што можат да се видат голем број на лековити тревки, печурки и разновиден животински свет.



## *Реконструирана и проширена трим патека во парк шумата Гази Баба*

Во парк шумата Гази Баба се реконструира и прошири трим патека, со должина од 2140м и ширина, која се движи од 2-3 метри, зависно од конфигурацијата. Покрај патеката се поставени 4 трим станици и на секоја од нив има по пет фитнес реквизити, изработени од дрво и метал. Исто така поставен е и видиковец, бетонски и дрвени корпи за отпадоци, нови маси и клупи за седење, патокази и табли за нумерација на должината на патеката.





Градоначалниците на општина Гази Баба и на град Скопје, Тони Трајковски и Коце Трајановски, го истакнаа значењето на континуираната меѓусебна соработка, која придонесе за враќање на сјајот на Парк шумата, како важен спортско рекреативен локалитет, кој граѓаните ќе можат повторно да го користат за спорт и рекреација. Општината Гази Баба исто така ќе им овозможи и на основните училишта да ја користат оваа патека за одржување на дел од редовните училишни часови по физико воспитување.

Исто така општината во соработка со Градот Скопје и Скопски плански регион ќе работат на проектот за подобрување на планската документација за одредување на дополнителни содржини за овој спортско рекреативен локалитет, кој ќе допринесе за помасовна посетеност и користење на истиот.







# Донација за Детска клиника




Три клими и еден медицински кревет за прегледи Општина Гази Баба донираше на Клиниката за детски болести, каде градоначалникот Тони Трајковски и директорката на клиниката, Д-р Аспасија Софијанова, оствари средба на која разговараа за досегашната успешна соработка и за нејзино продолжување.

Оваа донација е со цел да се овозможат подобри услови за децата кои доаѓаат на клиниката, за вработените, а воедно е и подршка и продолжување на кампањата која ја води Владата на РМ за подобрување на условите во клиниките.

Климите се монтираа на одделението за интензивна нега и терапија, поради тешките случаи кои се третираат и имаат најголема потреба од соодвети услови, а медицинскиот кревет за прегледи е за Одделението за неврологија.







# Во пресрет на новата учебна година





Во Општина Гази Баба има 11 основни училишта и 16 објекти, каде што учениците го поминуваат најголемиот дел од своето време.

Со цел да се подобрат условите за учење и престој во училиштата, во пресрет на новата учебна година, Општина Гази Баба во соработка со основните училишта, летниот период превземаа повеќе активности.

- Во ОУ Дане Крапчев се заврши последната фаза на промена на покривот, а во ОУ 25 Мај беше комплетно променет
- во ОУ Крум Тошев беа комплетно заменети цевките за парно греење
- во неколку училишта беа заменети прозорци со ПВЦ прозорци
- заменети беа подови во училниците во неколку училишта
- се варосаа училниците и ходовите во неколку училишта
- се обнови дел од оштетените огради околу објектите
- се направи санација на санитарните јазли во неколку училишта
- во ОУ Н.Н. Борче во спортската сала се поставија нови прозорци и рефлектори

Општината води грижа и за нејзините најмлади жители, односно за условите во објектите каде тие престојуваат.

На подрачјето на општината има две Јавни установи за предучилишно воспитание и 11 објекти.

Онаму каде што имаше потреба направена е санација на санитарните јазли и варосување во објектите.

Со овие активности во изминатиот период, основните училишта и градинките подготвено ја дочекуваа новата учебна година.

# Промоција на нова механизација на ЈКП





ЈКП Гази Баба ја промовираше новата механизација, која се состои од товарно возило со комбинирана намена - за пренос на работници и товар и на тракторче, кое во летната сезона ќе се користи за косење трева а во зимскиот период за расчистување на снег.

Општината го формира јавното претпријатие со намена за оперативно и поефикасно сервисирање на граѓаните и извршување на задачите во делот на парковското зеленило, расчистување и одржување на хигиената во општината и за одржување на водоводната мрежа во населените места Црешево, Виниче, Смилковци и дел од Булачани



За поефикасно работење, постојано се прават набавки на алати, облека, заштитна опрема за сезонските работници на јавното претпријатие, кое моментално има ангажирано 60 сезонски работници и уште 10-тина ќе бидат ангажирани следниот период.

Набавката на камионот е во вредност од околу 20.000 евра, тракторчето за косење трева и чистење снег, изнесува околу 5000 евра, а во континуитет ќе се набавуваат тримери, косилки и соодветен алат за потребите на водоводната мрежа.

# Заврши втората фаза од водоводот во Раштак

Планираните активности во текот на оваа година, околу втората фаза од водоводот во н.м Раштак, се завршени. Воедно се заврши и каптажата, односно таложникот за брзи води, со кој се овозможи поквалитетна вода за пиење. Оваа година се заврши уште 1,5 км секундарна водоводна мрежа или досега вкупно 2,4 км, изведна со полиетиленски црева.

Општината Гази Баба оваа година за превземените активности издвои околу 3.000.000,00 денари, за зафатот на вода и за водоводната мрежа.



# Нови настрешници на автобуските постојки




Градоначалникот Тони Трајковски и директорот на ЈСП Скопје, Мишо Николов ги промовираа новите настрешници на автобуските постојки на територијата на општина Гази Баба. Во првата фаза се поставија 12 настрешници, а до крајот на годината настрешници ќе се постават на сите автобуски постојки во урбаниот дел. Секоја настрешница има клупа, канта за отпадоци, опколена е со стакло за атмосферска заштита и има плакат на кој е вознит ред за сообраќање на автобусите, изјави директорот Мишо Николов.

Градоначалникот Тони Трајковски истакна дека овој проект со ЈСП ќе се продолжи и во руралниот дел, односно оние настрешници кои се од урбаниот дел, а се функционални ќе се преместат во руралниот дел. Исто така во следниот период ќе се направат нови 10 настрешници, кои општина Гази Баба ќе ги постави во руралните населби.




# Нова автобуска линија број 43

На барање на граѓаните, општина Гази Баба и ЈСП - Скопје од 01.10.2013 год. стартуваше со пробно возење новата линија со број "43" со миниавтобус.

Релација на линијата е од Транспортен центар до Јужноморавски Бригади (Ченто).

Трасата на движење е:

Транспортен Центар - бул. К.Ј. Питу; бул. К. Мисирков; бул. А. Македонски; ул. М.А. Ченто; ул. Јужноморавски Бригади - Јужноморавски Бригади.

Во обратна насока се движи по истата траса.

Линијата ќе сообраќа само во работни денови, по следниот возен ред:

Поаѓање од Транспортен центар: 7:25; 12:15; 13:25; 14:35; 15:45

Поаѓање од ул" Јужноморавски Бригади": 6:45; 8:00; 12:50; 14:00; 15:10

# Проект "Цвеќето и зеленилото во нашата општина"



Општина Гази Баба во соработка со Организација на жени Гази Баба по шестти пат оваа година го спроведоа проектот "Цвеќето и зеленилото во нашата општина". Присутни на промоцијата беа дел од општинската администрација и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски кој изрази задоволство од успешната реализација на проектот.

Оваа година проектот се реализираше преку разубавување и озеленување на и околу стамбената зграда на ул. Антон Попов 1/8 во населбата Ченто, во кој активно учество во реализацијата на овој проект имаа станарите од зградата и жителите кои домуваат во близина на истата.









## *Проект „Не оставајте вредни предмети во вашиот автомобил“*

Општина Гази Баба во соработка со Одделението за превенција при СВР Скопје го спроведе проектот "Не оставајте вредни предмети во Вашиот автомобил", на улица Лазар Поп Трајков во населбата Автокоманда. На промоцијата присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, командирот на ПС Гази Баба, Томче Петрушевски и претставници од одделението за превенција при СВР Скопје.



Основна цел на проектот е превентивно делување и намалување на бројот на тешки кражби во патничките моторни возила (ПМВ) на подрачјето на град Скопје како и зајакнување на довербата и соработката помеѓу возачите на ПМВ и полицијата.

Проектот се реализираше на тој начин што полициските службеници за превенција од ПС Гази Баба по однапред направена проценка за најчести места на извршување на кражби во ПМВ, заедно со градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, им поделија едукативен материјал за зголемување на свеста на возачите.


















# Форуми со работодавачи



Општина Гази Баба и Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување во просториите на општината, организираа средба со работодавачите од нејзина територија.





Претставниците од Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РМ, Националниот совет за претприемништво и конкурентност, во соработка со Локалната самоуправа ги презентираа Активните програми / мерки за вработување во насока на јакнење на соработката со работодавачите, во планирањето и имплементирањето на политиките за вработување на локално ниво.

На форумот, пред околу педесетина претставници од фирмите се обрати градоначалникот Тони Трајковски. Тој истакна дека Општината и во минатото и во иднина ќе превзема активни мерки, подржувајќи ја политиката на Владата во реализација на активните мерки за заеднички да допринесеме во намалувањето на невработените лица во нашата Општина.

# *Проект за обуки на жени претприемачи*

Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски и директорката на Фондацијата Центар за жени претприемачи, Виолета Манчева, го промовираа Проектот - обуки за жена претприемач, фармер претприемач и автентична ракотворба.

Проектот е наменет за граѓаните на Општина Гази Баба, со посебен фокус на младите и жените кои сакаат да стекнат знаења за ИТ вештини, започнување, водење, одржување и развој на бизниси, лица кои сакаат да се стекнат со знаења и вештини за развој на бизниси, конкретно од земјоделскиот сектор,



како и лица кои се занимаваат и кои ќе се поттикнат да изработуваат уметнички ракотворби. Целта на проектот е брзо оспособување на кандидатите со цел можност за вработување или самовработување, а со тоа намалување на невработеноста, подигање на свеста за можности кои ги нуди започнувањето на сопствен бизнис и запознавање со бизнис можностите и новините од ИПАРД програмата, преку која кандидатите можат да ги остварат своите бизнис цели, а со тоа и отворање на нови работни места и намалување на невработеноста.

Обуките започнаа во месец октомври, а се одржуваат на четири локации, и тоа: во Урбаната заедница Железара, во Месната заедница Стајковци, во ОУ "Дане Крапчев" и во ОУ "Његош".

# Трибина на НВО Младиинфо

Во просториите на општина Гази Баба, се одржа трибина "Законот за волонтерство и Стратегија за промовирање и развој на волонтерството" (2010-2015), која





е дел од годишната програма за работа на НВО Младиинфо. На трибината беше презентиран законот за волонтирање, акциониот план и стратегијата за унапредување 2010 - 2015 во Македонија. Исто така беше презентирана и законската регултива за волонтерите во Македонија, обврските и правата на организациите кои примаат волонтери и правата на волонтерите, практиката и придобивките од волонтеризмот, со можност за нивно коментирање, дополнување, како и предлагање на нови модели од страна на присутните. На настанот се одржа и јавна дискусија на тема волонтирање, на која како панелисти говореа претставници од Министерство за труд и социјална политика, Младинскиот Културен Центар - Битола, Центар за Институционален Развој и Првата детска Амбасада во светот - Меѓаши, при што посебно место во дискусијата им се даде на претставниците на здруженијата на граѓани, општините, компаниите и институциите кои можеа да ги образложат своите ставови, мислења и предлози и јавно да дебатираат.

Учество земаа голем број претставници на граѓанскиот и бизнис сектор од скопскиот регион, општините и младите граѓани засегнати за темата.



## Санација на улици

Општина Гази Баба заедно со Град Скопје прави санација - крпење на ударни дупки и на ископаните улици, каде што е поставувана фекална канализација во населените места во Општината.







# Инфраструктурни активности во Хиподром 2

Во новопроектираната населба Хиподром 2, започна да се реализира дел од инфраструктурните објекти. Во тек е изградба на влезна - главна улица во новата населба во должина од 700 м и



широчина од 7 м. Исто така, во тек е изработка на Проекти за водоводна и фекална канализација, а по нивното завршување ќе се отпочне со реализација на водоводната





мрежа по главната улица, со изработка на јазли за сите споредни улици во новата населба.

Во новата населба Хиподром 2 од 300 локации со државно градежно неизградено земјиште, досега има објавено за продажба и продадено 70 локации.





## *Реконструкција на оштетените клупи*

Во населените места на територија на Општина Гази Баба изминатиот период се направи реконструкција на оштетените клупи. Се заменуваа искршените делови од клупите и се бојосуваа.

Се замолуваат сите граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема, во иднина да не го прават тоа, бидејќи средствата кои ги трошиме за реконструкција на уништеното се заеднички, а можеме да ги инвестираме во нови проекти, кои дополнително ќе ја разубават и ќе ја направат нашата Општина поубаво место за живеење.



# Промоција на Сообраќаен Буквар 2




На промоцијата на Сообраќајниот Буквар, во ОУ "Стив Наумов" во општина Гази Баба присуствуваа градоначалникот, Тони Трајковски, министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, министерот за образование, Спиро Ристовски, Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и претставници од Републичкиот Совет за безбедност во сообраќајот.

Целта на подготвувањето на овој Буквар беше подигнување на свеста за одговорноста за учество во сообраќајот на сите учесници. Најдобро е сообраќајните правила и прописи и начинот на кој поединците треба да се однесуваат во сообраќајот да се научат од најмала возраст.

Сообраќајниот буквар е достапен за сите деца од предучилишна возраст и учениците до четврто одделение. Децата на оваа возраст треба да се запознаат со основните правила на однесување во сообраќајот, нивните одговорности и да им биде јасно свено до знаење дека учеството во сообраќајот подразбира некакви правила на однесување, сето тоа прилагодено на нивната возраст.



Во соработка со Републичкиот Совет за безбедност на патиштата се изработени повеќе информативни материјали, помеѓу кои и видео спотови кои им се презентираа на децата во училиштето, на начин на кој би требало да им остават впечеток за потоа да можат да ги применуваат во секојдневниот живот.




## Активности со општински ПП Сојуз на Гази Баба

Во месец ноември ќе се одржи квиз по против пожарна заштита, кој е во организација на општинаскиот против пожарен сојуз на Гази Баба.

Поради континуираната поддршка која општината и градоначалникот Тони Трајковски ја дава на овој Сојуз, претседателот Миливоје Игњатовиќ од името на Сојузот во знак на благодарност на градоначалникот му подари книга "Чудесна Македонија".

## Бесплатни обуки по англиски и информатика

Во основните училишта во општина Гази Баба се одржуваат бесплатни обуки за стекнување на основни познавања од информатика и англиски јазик. Овие обуки ги посетуваат околу 300 граѓани од Општината.

На крајот на обуките кандидатите ќе полагаат, по што ќе добијат и соодветни сертификати.

За организирање на проектот за бесплатна обука, Општина Гази Баба се одлучи со оглед на големиот интерес на граѓаните.

Градоначалникот Тони Трајковски со општинската администрација, граѓани од подрачјето на општината и ангажирани работници од ЈКП, учествуваа во акцијата за чистење под мотото "Македонија без отпад", организирана од Министерството за животна средина и организацијата "Ајде Македонија", која се одвиваше на целата територија на Република Македонија.

Во оваа кампања беа вклучени учениците и наставниците од сите основни училишта од подрачјето на општина Гази Баба, кои собираа хартија, пет амбалажа и ги чистеа училишните дворови.

Чистењето на отпад, кој се наоѓа на несоодветни места во околината на училиштата, беше со цел да се подигне свеста на учениците за правилно управување со отпадот и подобро да се справат со неорганизираното и незаконско фрлање на отпад.

Во училиштата особено внимание беше посветено на штетното влијание на пластиката врз животната средина. Учениците од основните училишта досега имаат работено на повеќе проекти кои се однесуваат на штетното влијание на пластиката врз околината и инсистираат на забрана за користење на вакви кеси и нивна замена со хартиени.

Исто така учениците активно учествуваат и во акцијата на Пакомак за собирање на пластични шишиња а досегашните искуства успешно ги искористија за дискусии на тема "хартија или пластика".



# Акција за чистење "Македонија без отпад 2013"











Училиштето "Крсте Мисирков" е едно од дваесетте илјади училишта од 52 земји во светот кои ја работат програмата на проектот "Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем". Целта на оваа програма е да се подигне свеста на учениците, наставниците, родителите и сите други вклучени директно или индиректно во училишната заедница, за важноста на секој поединец кој може на различен начин да го даде својот придонес во менување на односот кон животната средина, кон општеството и кон светот.

Под мотото "Сакаме зелена планета" во ова училиште се одржа Отворен еко ден, каде присуствуваа претставници од Совет на родители, родители на ученици учесници на приредбата, ученици, наставници и директорот на училиштето. Овој ден беше одбележан со приредба во организација на наставниците и учениците, членови на Еко-одборот и работилница во која учениците твореа ликовни творби на тема: "Сакаме зелена планета".




По овој повод беше распишан ликовен и литературен конкурс под мотото "Сакаме зелена планета" за кои наградените ученици добија дипломи.

# Еко ден во ОУ Крсте Мисирков






# *Заедничка акција за расчистување*

Општина Гази Баба во соработка со Здружението за волонтерско работно и едукативно ангажирање во сферата на екологијата "Акцијаши", ЈП "Водостопанство Скопско Поле" и ЈП "Гази Баба", организираа заедничка акција за расчистување на каналот во Ченто и паркот Борис Трајковски.

Градоначалникот Тони Трајковски се приклучи на учесниците во акцијата и им





подели членски книшки, каде ќе се запишуваат сите активности кои ќе ги имаат волонтерите од здружението Акцијаши.

Ваквиот начин на организирање со вклучување на општината, јавните претпријатија и невладиниот сектор се покажа како успешен и во иднина соработката ќе продолжи на други локации во општината.

## Одбележан Светскиот ден за заштита на животната средина

Учениците и вработените од ОУ "Дане Крапчев" со активности од



областа на екологијата се вклучија во одбележувањето на Светски ден за заштита на животната средина. По тој повод во училиштето беа организира-



ни акции за садење цвеќиња, беше промовиран еко кодексот на училиштето, беа организирани работилници за употреба на природни средства за одржување и чистење и беше спроведена трибина со ученици од IV и V одделение на тема "Размисли и заштитувај".

На трибината учениците ги презентираа стекнатите знаења од областа на екологијата, дебатираа и предлагаа идеи за заштита на животната средина. Активностите беа организирани со цел што повеќе да се укаже на проблемите од областа на екологијата и да се влијае на подигањето на свеста за заштита на животната средина.



# Работна средба со Амбасадорот во Р. Турција



Градоначалникот Тони Трајковски одржа работна средба со Амбасадорот во Република Турција, Горан Тасковски.

Целта на средбата, по барање на Амбасадорот Горан Тасковски и претседателот на македонско - турското здружение "Македонија ЕГЕ", Нина Пандурска, беше воспоставување на контакти со инвеститори од Република Турција, кои сакаат да градат во Република Македонија.

За време на средбата на гостите им беа презентирани локациските потенцијали и можностите за финансирање во нашата општина.

# *Положување на свежо цвеќе пред споменикот на Методија Андонов - Ченто*



Во паркот во населбата Ченто по повод одбележувањето на 56 годишнината од смртта на првиот претседател на президиумот на АСНОМ, Методија Андонов - Ченто, беше положено свежо цвеќе пред споменикот изграден во негова чест.

Присутни на настанот кои положија цвеќе беа, делегација од општина Гази Баба предводена од градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, членови на Советот на општина Гази Баба, предводени од претседателот на Советот, Милан Андоновски, претставници од општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ, Унија на жени и млади сили на ВМРО ДПМНЕ, Здруженија на пензионери и Здруженија на граѓани.



# Положување цвеќе на споменикот на загинатите од земјотресот

На гробиштата во Бутел, делегација од Општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Тони Трајковски, положија свежо цвеќе на споменикот на загинатите граѓани во земјотресот, кој пред 50 години го погоди нашиот главен град Скопје.

Покрај делегацијата на Општината, свежо цвеќе положија и делегации на: Собрание на Република Македонија, предводена од претседателот Трајко Вељановски, кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, Собрание на Град Скопје, предводена од градоначалникот Коце Трајановски, општините од град Скопје, странски делегации, Црвениот крст на Град Скопје и на РМ, Армија на Република Македонија, Јавни претпријатија, културни установи и граѓани.

Како жител на општина Гази Баба и жител на градот Скопје, со моето научно истражување сакав да помогнам и да одговорам на прашањата за стабилноста на мојата зграда, зградите од мојата населба и зградите во градот во услови на земјотерс. За таа цел ја одбрав темата "Методологија за утврдување на промената на динамичката стабилност на објектите во текот на нивниот експлоатационен период", која преку зградата К-49 во нас. Железара ги задоволи моите размислувања и очекувања .

Во текот на експлоатацијата на конструкциите доаѓа до промена на динамичките караткteristики на конструкциите а со тоа и промена во нивното однесување при било какви побуди. Промените на динамичките карактеристики на конструкциите може да се јават поради временско зависен процес како што се промена на карактеристиките на вградените материјали, корозијата, заморот, промени во тлото на кое е фундирана конструкцијата или пак да се јават од случајни непредвидливи побуди како земјотреси, експлозии, пожари итн.

Предмет на ова истражување е конструкцијата К-49, (П+14) во нас. Железара која преставува еден карактеристичен тип на конструкции, градени во осумдесетите години на минатиот век во Скопје. На неа се извршени експериментални мерења со користење на методата на амбиентални вибрации и добиени се основните динамички карактеристики - сопствените фреквенции, облиците на вибрација и пригушувањето. Со споредба на добиените резултати од овие мерења со податоци од извршени мерења од 1981 година кога таа била изградена е добиена промената на динамичките карактеристики и причините за нивната промена, а со тоа и промена во однесувањето, односно стабилноста на конструкцијата.

Метод на амбиентални вибрации: И и ИИ тон на вибрација-

ф=1.367 Хз, ф=4.688 Хз транслација во И-З и ф=1.758 Хз -торзија

Вториот дел од истражувањето се однесува на модална и сеизмичка анализа по методот на еквивалентно статичко оптеретување на конструкцијата К-49 со примена на компјутерскиот програм SAP2000. Разработени се три случаи, еден на реалната конструкција, еден на модел кој вообичаено се користи при проектирање на конструкциите и еден хипотетички случај со флексибилен спрат во приземјето како еден неповолен случај и притоа е прикажано нивното однесување на случаен земјотрес.



## М-р Тина Каровска дги

Раководител на одделение за документирање на градежно земјиште

Нумеричка анализа: И тон на вибрација- ф=1.394 Хз транслација во С-Ј, ф=1.754 Хз торзија и ф=1.916 Хз - транслација во И-З

Врз основа на користената методологија и експерименталните и нумеричките анализи и споредби, произлегуваат следните два заклучока:

1. Конструкциите во текот на нивната експлоатација претрпуваат разни промени (промени во конст. системи, земјотреси, слегнување на тлото). За да може да се направи евалуација на сеизмичката стабилност може да се заклучи дека е потребно да се примени една методологија каде како основа ќе се земат експериментални испитувања со кои ќе се добијат реалните динамички карактеристики на конструкцијата, кои се една од појдовните точки за верификација на аналитичките модели при нумеричките анализи.

2. Од добиените резултати и нивната споредба може да се заклучи дека конструкцијата К-49 покажува добри динамички карактеристики и во услови на реален земјотрес конструкцијата ќе покаже стабилно однесување.

Се препорачува во сеизмички активни подрачја како што е подрачјето на Град Скопје, повремено, на одреден временски период да се утврди реалната состојба на динамичка стабилност на специфичните конструкции со примена на прикажаната методологија. Поради тоа се јавува и потребата од сеизмичкиот мониторинг на конструкциите кој дава во секој момент да се има увид однесувањето на конструкцијата за познати и непредвидени оптоварувања. Податоците добиени од мониторингот се корисни за брза идентификација на оштетувањата по случен земјотрес, оценување на сигурноста и определување на преостанатиот капацитет на конструкциите.

Сакам да ја изразам мојата благодарност на мојот ментор, проф. д-р Лидија Крстевска, на професорите Љубомир Ташков, Вероника Шендова и Грозде Алексовски и голема благодарност на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за помошта при реализирањето на ова истражување.















# МИЛАН АНДОНОВСКИ

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Изминаа шест месеци од Вашиот втор мандат како претседател, како ја оценувате досегашната работа на Советот?**

Најпрво упатувам благодарност до жителите на Општина Гази Баба кои на последните Локални избори ни ја дадоа поддршката за да продолжиме да ја градиме Општина Гази Баба, како подобро место за живеење. За мене лично, поддршката која ја добив од ВМРО-ДПМНЕ и од граѓаните на Општина Гази Баба по втор пат да бидам избран за Претседател на Советот на Општина Гази Баба, е голема чест и задоволство, но истовремено уште поголема одговорност да работам и да се вложам целосно во исполнувањето на ветувањата дадени пред граѓаните. Во овие шест месеци од вториот мандат, Советот има оддржано 10 седници на кои работевме во полна пареа, заедно со Градоначалникот Тони Трајковски за исполнување на она што го имаме ветено пред граѓаните. Имаме донесено голем број на одлуки, а во овој момент работиме на составувањето на програмите за развој на Општина Гази




Баба, кои ќе бидат составен дел на Буџетот на Општината за 2014 година.

**Каква е соработката со новиот состав на Советот на Гази Баба?**

Овој состав на Советот е 8-ми повеќепартиски. Во Советот, мнозинство со 18 Советници има ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата За Подобра Македонија, 7 Советници СДСМ и Коалицијата и 1 Советник од ДУИ и 1 Советник од ДПА. Морам да потенцирам дека има одлична соработка помеѓу сите Советнички групи во Советот и дека повеќето од Одлуките кои досега ги имаме донесено се усвоени едногласно, со поддршка на сите Советници. Јас како Претседател на Советот имам добра соработка со сите Советнички групи и се надевам дека тоа ќе биде така и во иднина.

**Каква е Вашата соработка со градоначалникот Тони Трајковски?**

Соработката со Градоначалникот Тони Трајковски и во првиот, но и сега во вто-



риот мандат можам слободно да кажам е на доста високо ниво. Работиме заедно, постојано сме во комуникација и координација и работиме за иста цел, да ја направиме Општина Гази Баба подобро место за живеење.

**Кои се според Вас приоритетите на Гази Баба?**

Проблемите кои ги имаат жителите на

## Вториот мандат е уште поголема одговорост, да работам и да се вложам целосно во исполнувањето на ветувањата дадени пред граѓаните

Општина Гази Баба, како и нивното решавање се подеднакво важни. Заедно со Градоначалникот се трудиме во најголем дел истите тие проблеми да ги решиме. Знаеме понекогаш да дадеме приоритет на решавањето на проблемите во кои директно се засегнати ранливите категории на граѓани, а најчесто тоа го правиме кога во прашање се децата. Приоритет за Општина Гази Баба треба да биде напредокот и развојот во една модерна, здрава и чиста, Европска Гази Баба.

**Често сте меѓу граѓаните. Што најповеќе бараат, или на што најповеќе се жалат тие?**

Комуникацијата со граѓаните е она на што најмногу посветувам внимание. И во првиот мандат но и сега, денот сабота ми е определен за приемен ден за граѓаните на Општина Гази Баба, но и покрај при-



емниот ден, се трудам секојдневно во попладневните часови да остварувам директен контакт со граѓаните и ги слушнам нивните проблеми. Од досегашното искуство, најчесто граѓаните ги истакнуваат проблемите со патната инфраструктура, комуналните работи, барањата за градење на детски и спортски катчиња, но често се случува да дојдат граѓаните и да ја искажат својата благодарност и пофалба за некој реализиран проект.

**Колку имате слободно време да си посветите на себе и на своето семејство?**

Покрај големиот број на професионални обврски кои ги имам, максимално се трудам во текот на денот да имам слободно време да се посветам на семејството. Најчесто поголемо слободно време имам во попладневните часови од викендите и тогаш целото слободно време го посветувам на семејството.



# Етно денови Гази Баба

Општина Гази Баба во соработка со Организација на жени на Гази Баба, ја организираа првата манифестација "Етно денови Гази Баба 2013".

Етно денови 2013 се одржува во Скопскиот саем, а со свои ракотворби се преставуваат жени од општина Гази Баба, општините Крушево и Прилеп, како и гости од Врање и Краљево, Република Србија. Во уметничкиот дел се претставија учениците од ДСМУ "Илија Николовски Луј", кои со своите изведби ги одушевија при-



сутните гости. Исто така, со македонски песни се претставија и гостите од македонско - српското здружение од Краљево.

На реализацијата на оваа манифестација претходеа организирање на етно работилници, кои со партнерот во проектот "двв Интернационал" жените од Гази Баба и сите оние кои беа заинтересирани, учеа разни вештини за изработка на украсен накит, плетење на чипки, изработка на реплики од носии, везење на мотиви од народните носии и друго.



# Ликовна Манифестација "Виниче"

Ликовната манифестација "Виниче" се одржа по осми пат во манастирскиот комплекс "Св. Илија" во н.м. Виниче, во која учествуваа ученици од сите основни училишта од подрачјето на општина Гази Баба, членови на ликовни секции, како и ученици кои учествуваа во музичкиот дел од ОУ "Наум Охридски".

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски им додели награди на учениците за најубави ликовни творби, изработени на ликовната манифестација Виниче. Со учениците на доделувањето на наградите присутни беа нивните наставници по ликовно образование.

Награди добија:
**ДУРАКОВИЌ СЕМРА**
ОУ "БРАТСТВО-ЕДИНСТВО"
**МАНОЛЕВА САЊА**
ОУ "НАУМ ОХРИДСКИ"
**АСАНОВА ФЕРУЗЕ**
ОУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ"
**АТАНАСОВСКА МОНИКА**
ОУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ"
**АПОСТОЛОВА АНАСТАСИЈА**
ОУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Сите останати учесници на манифестацијата во ликовниот и во културниот дел, добија Дипломи за учество.

























# Ревија на народни носии, инструменти и песни

Во манастирскиот комплекс на Црквата Св. Спас во Црешево, по шести пат се одржа манифестацијата "Ревија на народни носии, народни инструменти и песни", која како единствено културно случување од ваков вид во Република Македонија, излегува од рамките на посетеност само на жителите од општина Гази Баба. Големиот број на посетители имаа можност да се воодушевуваат од спојот на прекрасниот колорит на македонската









народна носија, звуците на народните изворни инструменти, на прекрасните гласови на нашите македонски песнопојци и на орото, она кое како традиција се пренесува од колено на колено од нашите претци на младите генерации, како и на народните умотворби.

На сцената продефилираа машки и женски модели кои носеа носии од повеќе краеви на Република Македонија.

Оркестарот на изворни инструменти, КУД "Никола Јонков Вапцаров" од Делчево, Виданка Ѓорѓиевска, групата "Соната", Ибуш Ибраимовски, Аце Трифуновски, се погрижија публиката да ги слушне старите изворни песни, отсвирени на изворни инструменти, а играорците со нивните изведби да не вратат во минатото, кога орото го отсликувало начинот на живеење, радоста, тагата и маката на македонскиот народ.

Актерите Ѓокица Лукаровски и Снежана Коневска Руси, изведоа драматизација на умотворби од македонското народно творештво, собрано во делата на Марко Цепенков. Медиумски покровител беше Македонската радио и телевизија, која ја снимаше оваа Манифестација и ќе ја емитува во рамките на својата програмска шема.

# *Манифестација Големата Мајка*

На Археолошкиот локалитет Тумба Маџари, кој датира од ВИ милениум пред новата ера, се одржа манифестацијата "Големата Мајка". Скулптурата "Големата Мајка" претставува симбол и заштитничка на општина Гази Баба и градот Скопје, и е ископана токму на овој локалитет, поради што тука и се одржува настанот.

Општина Гази Баба традиционално по трети пат оваа година, преку манифестацијата го прославува и меѓународниот ден на мајката, нашата родилка, нашиот извор на постоење, која се одбележува во месец мај.

Со свои изведби се претставија членовите од Музичко - балетскиот училишен центар "Илија Николовски Луј" квартетот Пламенка Трајковска и песни за мајката читаа, Петко Костовски и Жаклина Ангелеска. За време на манифестацијата учениците од основните училишта, Наум Наумовски-Борче, Дане Крапчев, Крсте Мисирков и 25 Мај, творea ликовни творби од кои подоцна направија мини изложба.















Во рамките на Културно лето Гази Баба, по првпат во населеното место Јурумлери, кое го слави празникот Петровден, се одржа Манифестацијата "Петровденско чествување".

Манифестацијата ја отвори градоначалникот Тони Трајковски, а пред големиот број на граѓани во музичкиот дел настапија - Ансамблот за народни песни и ора "Јонче Христовски", Блага Петреска, Момо Николовски и Татјана и Новица Лазаревски.



# Манифестација "Петровденско чествување"











# *Манифестација „Во чест на Кирил и Методиј“*

Во населеното место Стајковци, по вторпат се одржа Манифестацијата "Во чест на Кирил и Методиј". Пред присутните граѓани се обрати градоначалникот Тони Трајковски и им го честита празникот на жителите на Стајковци кои го празнуваат овој ден.

Во музичкиот дел настапуваа најмладите жители од н.м. Стајковци, ученици од ОУ "Кирил и Методиј", Културно уметничките друштва "Јонче Христовски", "Никола Јонков Вапцаров" и гости од Република Црна Гора, како и македонските естрадни звезди: Силви Бенд, Благица Павловска, Влатко Миладиновски и Анастасија Петреска.












# Манифестација "Денови на солидарност"







Во Паркот "Борис Трајковски" во Ченто, се одржа традиционалната манифестација "Денови на солидарност", посветена на хуманоста и солидарноста на граѓаните од Република Македонија и на целиот свет, за време на катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година и со која воедно општина Гази Баба се вклучи во одбележувањето на 50 годишнината која ја организира градот Скопје по тој повод.

Пред почетокот на официјалниот дел, се одржа трката на солидарност, во која учествуваа децата од населбата Ченто. Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните гости, а на најдобрите тројца учесници во трката им подели пехари.

Оваа манифестација имаше хуманитарен карактер, во кој се вклучија и активисти на Црвениот крст Гази Баба, кои имаа свој пункт за собирање на облека и обувки, кои ќе бидат наменети за оние на кои им е најпотребна.









## Концерт на „Супер звезда“





На плоштадот во Автокоманда каде се одржа концертот на детски песни "Супер звезда".



Во рамките на Културно лето Гази Баба 2013 на Плоштадот во Автокоманда се одржа концерт на Танго трио и пријатели, во кои настапија Пламенка Трајковска трио, Јованка Крстевска - вокал и танцови двојки од Фамилија Тангови.

Час и половина граѓаните на општина Гази Баба имаа можност да уживаат во прекрасните изведби на музичарите, а танцовите двојки со својата игра ја збогатија програмата.



# Концерт на Танго трио











# Концерт на евергрин мелодии

На плоштадот во Автокоманда, во рамките на Културно лето Гази Баба 2013,





се одржа Концертот на македонски евергрин мелодии, во изведба на познати естрадни звезди како Баже и Јулијана Маротови, Сања Лефкова, Бојан Маротов, Горан Наумовски и Лидија Кочовска. Песните ги исполнија во живо придружувани од бендот на Баже Маротов.

На плоштадот во Автокоманда, во организација на Општина Гази Баба, се одржа концерт на Миле Кузмановски. Граѓаните кои беа присутни на концертот, уживаа во прекрасните изведби на песните на нашата естрадна звезда.

Концертот е дел од Програмата за култура на општина Гази Баба за 2013 година.





# Концерт на Миле Кузмановски







# Меѓународен фолклорен фестивал

Меѓународниот фолклорен фестивал е во организација на Општина Гази Баба и Градот Скопје, Домот за култура Кочо Рацин, а подржан од Министерството за култура на РМ.

На фестивалот учествуваа фолклорни друштва од Шпанија, Турција, Украина, Сицилија, Србија и домаќинот "Јонче Христовски", кои со своите изведби, музика, прекрасните носии од различни краеви на светот ја воодушевија многубројната публика.

Концерти се одржаа на Плоштадот Македонија, во Општина Ѓорче Петров, во Скопска чаршија и затворањето на Меѓународниот фолклорен фестивал се одржа во општина Гази Баба.

















## Активност "Цртаме на плоштад"

По повод 11ти Октомври децата од објектот "Пони " во состав на детската градинка "25 Мај " ја изведоа дневната активност "Цртаме на плоштад".

Децата прво беа на прошетка низ плоштадот во центарот на Скопје, а потоа своите впечатоци ги изразија со цртање.





## Детска претстава во објектот "Мимоза"

Во објектот "Мимоза" во рамките на детската градинка "Детска радост" од Општина Гази Баба, децата со интерес ја проследија претставата "Огледалце" која беше изведена од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар.





# Игри без граници по повод детската недела

Во првата недела на месец октомври по повод Детската недела, во градинката "Детска радост" од Скопје, се одржаа активностите "Игри без граници" во спортската сала во Автокоманда. На овој настан учествуваа градинки од повеќе градови како, Ангел Шајче од Куманово, Детелинка од Крива Паланка, Астибо од Штип, 23 Август од Берово, 7 септември од Пехчево, и Детска Радост од Скопје кои заедно другаруваа, се натпреваруваа, играа и пееја.

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски присуствуваше на настанот, ги поздрави присутните, а потоа заедно со дел од општинската администрација ги проследија детските спортски активности.







# Сите сме едно, растеме заедно

Во детската градинка" Детска радост" се одржа активноста по повод Детската недела, под мотото "Сите сме едно, растеме заедно".

Децата кои престојуваат во објектите на градинката се запознаа со нивните права, кои потоа своите сознанија ги искажаа преку цртежи.





# Креативна работилница со родители

Во Јавната детска установа "Детска радост", во објектот Сончоглед во Автокоманда, децата заедно со своите родители цртаа и боеа на маици со фломастери и темперни бои. Маиците, децата ќе ги носат кога ќе имаат ликовни работилници.

Ваков начин на заеднички креативни работилници, каде децата и родителите





заедно цртаат, изработуваат предмети, учат заедно, во градинките се организираат повеќе пати во текот на годината.

На оваа работилница, во улога на родител, присуствуваше и градоначалникот Тони Трајковски, каде со своите деца учествуваше во цртање врз маици.

# Куклена претстава „Волшебениот збор за бон-тон однесување“



Децата кои престојуваат во објектот "Сончоглед" во состав на детската градинка "Детска радост" ја проследија куклената претстава "Волшебениот збор за бон -тон однесување".

Приредбата беше подготвена и изве-



дена од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката како дел од годишната програма.

# Проект "Скопје низ детските очи"

Во проектот "Скопје низ детските очи", учествуваа децата од големите групи од детската градинка "Детска радост".





Децата имаа еднодневна прошетка низ главниот град со цел да се запознаат со неговите убавини, да се развие свеста на историско народно богатство и култура, да се развие културниот идентитет, а потоа истите да ги пренесат на цртежи.



Децата посетија повеќе значајни споменици, места, институции, кои се дел од нашиот град.



Александар со пливање се занимава од март 1999 година. Член е на пливачкиот клуб АПК Студент. Во текот на досегашната пливачка кариера има освоено повеќе од 150 медали и дипломи на државни првенства, домашни и меѓународни митинзи.

Како член на Младинската репрезентација на Република Македонија бил учесник на Балканското првенство во Атина Грција 2007 година. Покрај тоа учествувал на Југоисточните игри во Солун Грција. На двата натпревари постигнал забележителни резултати.

Во моментов е член на Сениорската репрезентација на Република Македонија. Најдобрите резултати во кариерата ги има постигнато на подолгит патеки, 400м, 800м и 1500м слободен стил во базен.

На почетокот на својата пливачка кариера, учествувал на неколку маратонски натпревари:

Илинденски пливачки маратон на патеката Горица - Охрид, со должина од 2,5 км во категорија од 10 - 17 години, во периодот од 2005 - 2007 година, каде три години по ред го освојува првото место.

Во категоријата над 17 години, на истото натпреварување во периодот 2008 - 2012 пет пати по ред го освојува второто место.

- Во 2010 год. за првпат учествува на Охридскиот пливачки маратон на патеката Свети Наум - Охрид во должина од 30 км, под покровителство на Светската пливачка асоцијација ФИНА. Во конкуренција на 24 пливачи од меѓународна конкуренција го освојува 9-тото место во машка конкуренција, а на 17 место во генералниот пласман, испливувајќи ја патеката за 6 часа 19 минути и 50 секунди.

- Во 2011 год. по втор пат учествува на Охридскиот пливачки маратон и го освојува 9-тото место во машка конкуренција и 13 место во генералниот пласман од 22 пливачи.

- Исто така во 2011 год. на меѓународен маратон во Приштина во должина од 4,5 км го освојува второто место.

**Во 2012 год.**

- на државно првенство во далечинско пливање во Србија во месец јули во градот Бечеј плива на 5 и 10 км . На маратонот на 5 км го освојува 7-то место од 20 пливачи , додека на маратонот на 10 км го освојува 3-тото место од 15 пливачи .

- На Илинденски пливачки маратон ( 2,5 км) во групата над 16 год. го освојува второ место. На маратонот учествуваат 50 натпреварувачи, поделени во две категории (под 16 год. и над 16 год) .

- На меѓународен маратон во Приштина во должина од 4,5 км го освојува второто место.

- На возобновениот Дојрански куп на Македонија го освојува првото место на трката на 3 км .

**2013 година**

На 2 Август по 11 пат го плива Илинденскиот Охридски пливачки маратон и го освојува првото место, со време од 28 мин 15 сек .

- На 10 Август на Меѓународен маратон во Приштина во должина од 4,5км го освојува првото место .

- На 24 Август на Охридскиот пливачки маратон на патеката Свети Наум - Охрид во должина од 30 км, под покровителство на Светската пливачка асоцијација ФИНА, го освојува 15 место од вкупно 27 пливачи, испливано за 5 часа и 49 минути , што е за 30 минути подобро од неговото најдобро испливано време .

- На 31 Август на Македонскиот Куп во Далечинско пливање (10 км) на Козјак го освојува првото место .

- На 07 Септември на Македонскиот Куп во Далечинско пливање (10 км) во Дојран го освојува второто место .

Од маратоните на Козјак и Дојран е СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК на Македонскиот Куп во Далечинско Пливање на 10 км .

Додека траат напорните тренинзи преку целата година, Александар успева да ги положи сите испити со одлични оценки и да дипломира на Факултетот за физичка култура (насока професор).

Исто така, волонтира во клубот Бета во Спортски Центар Борис Трајковски каде работи со почетници во малиот базен.

За своите успеси, нашиот сограѓанин Александар Илиевски, оваа година ја доби највисоката награда во областа на спортот Големата Мајка, која Општина Гази Баба ја доделува во неколку области за исклучителни достигнувања, развој и афирмација на Општината.






# Пливач во далечинско пливање



## АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ

# ЛИДИЈА КРТЕСКА

член на репрезентација на Република Македонија за лица со посебни потреби, дипл. економист, вработена во Општина Гази Баба во Секторот за Локален економски развој



Лидија Кртеска член на репрезентација на Република Македонија за лица со посебни потреби, дипл. економист, вработена во Општина Гази Баба во Секторот ЛЕР

**Од каде љубовта кон овој спорт?**

Голем дел од детството го поминав на стрелиште, заедно со татко ми Стеван Крстески, кој е долгогодишен селектор на нашата репрезентација во спортско стрелаштво. Неможев да дочекам да пораснам за да можам и јас да почнам да тренирам и да се натпреварувам.

Овој спорт целосно ми одговара, поради неможноста да се вклучам во некој подинамичен спорт каде е потребно трчање и голем физички напор.

**Во која дисциплина се натпреваруваш?**

Се натпреварувам во дисциплината воздушен пиштол на 10 метри. Од 2005 година сум член на репрезентацијата на Македонија, а од 2007 започнав да се натпреварувам со репрезентацијата кај лица со посебни потреби. Како поважни натпреварувања би ги напоменала државните првенства на Македонија, каде имам освоено повеќе први, втори и трети места во изминативе десетина години. Од меѓународните настапи до сега имам учествувано на две европски и едно светско првенство, и повеќе светски купови, каде имам постигнато неколку МЉС норми.

**Кои се поголемите успеси кои си ги постигнала досега?**

Како поголем успех би го издвоила бронзениот медал на светскиот куп во Анталија, Турција во мај оваа година, а среброто ми избега за помалку од половина круг.

Последен настап беше Европското првенство во Аликанте, Шпанија, кое се одржа од 18-26 октомври оваа година. На овој натпревар морав да настапам со позајмено оружје, бидејќи мојот пиштол не ги исполнува новите меѓународни стандарди. Можеби и тоа допринесе за мала несигурност на почетокот на натпреварот, за на крајот да се пласирам на 11 место, без можност да настапам во финалето, каде одат првите 8 натпреварувачи. Сепак мојот резултат беше доволен за норма за Светското првенство идната година. Се надевам до тогаш ќе успеам да обезбедам средства за ново оружје и ќе имам доволно време да се подготвам и да ја совладам промената на оружјето. За сега се натпреварувам само во дисциплината воздушен пиштол на 10метри, но од следната година планирам да се подготвувам и за малокалибарските дисциплини, спорт пиштол на 25 метри и слободен избор на 50 метри.

За крај, би сакала да изразам огромна благодарност до градоначалникот Тони Трајковски, кој даде голем придонес и помогна да можам да настапам на Европското првенство во Шпанија. Градоначалникот е човек со големо чувство за спорт и не случајно двапати е избран за најспортски градоначалник во Македонија.

**Какви се условите за тренирање и дали постои интерес помеѓу младите за овој спорт?**

Стрелаштвото е спорт со голема традиција во Македнија, но во последнава деценија условите се на најниско ниво. Во Скопје не постои стрелиште кое ги исполнува ниту минималните услови за тренирање. Постојат само 2 мали стрелишта каде може само да се тренира, на носачи на мети кои во светот одамна веќе не се во употреба. Оружјето е веќе застарено и ние сме приморани сами да се снаоѓаме за набавка на оружје и дополнителна опрема. Стрелаштвото не е атрактивен спорт како фудбалот и кошарката, но Македонија има три медали на Параолимпијадите и тоа две златни (Бранимир Јовановски 1992 и Оливера Наковска Бикова 2013) и еден сребрен (Ванчо Каранфилов 2004).

И покрај ваквите услови, сепак интересот меѓу младите за овој спорт е голем, секојдневно се пријавуваат млади деца во клубовите, но голем број од нив се откажуваат кога ќе ги согледаат условите.

Стрелаштвото е еден од ретките спортови во Македонија за кој нема соодветен терен, а има големи успеси на меѓународно ниво. Искрено, се надевам дека Македонија ќе продолжи со успесите и дека многу наскоро одговорните лица ќе ја согледаат потребата за спортски објект наменет за овој спорт, каде ќе може да се организираат и меѓународни натпрвари на високо ниво, а на тој начин да се рзвива и спортскиот туризам кај нас.








# Огнен Аревски
## УЧЕНИК И СПОРТИСТ

Огнен е успешен спортист во неколку дисциплини во училишната спортска лига, во пинг - понг, крос, се натпреварува на републички натпревари во дуатлон и триатлон, игра кошарка, шах и во сето тоа е успешен. Исто така, тој е одличен ученик и се натпреварува на општински, градски и републички натпревари по неколку училишни предмети.

Ова тринаесетгодишно момче на државното првенство во триатлон - пливање 375 м, возење велосипед 10 км и трчање 2,5 км, кое се одржа на 7.07.2013 година во Маврово, во конкуренција на кадети (до 15 годони) го освои првото место.

Градоначалникот Тони Трајковски, кој постојано го поддржува во неговите спортски активности, го прими во својот кабинет за да му честита за остварениот успех и му подари спортска опрема на Огнен, која претставува мал поттик за понатамошни успеси.



# Детски фолклорен фестивал




## РАШИРИ ОРО

Во почетокот на месец октомври во општина Гази Баба се одржаа вторите по ред Детски фолкрни смотри "РАШИРИ ОРО" во организација на Центар за едукација на македонски фолклор - МИТЕВИ со помош на Општината. На овие фолклорни смотри учество земаа детските фолклорни групи Ансамбл "Огнените" - Софија Р. Бугарија, Ансамбл "Сенко Рашљанин" - Нови Пазар Р. Србија, КУД "Ацо Ѓорчев" - Неготино Р.Македонија и ЦЕМФ - Митеви - Гази Баба, Скопје.

Во рамките на овие 2-ри детски фолклорни смотри учесниците настапија во Основното Училиште "Вера Јоциќ" - нас. Хиподром, каде што програмата беше посветена во чест на првачињата од истоименото училиште. Исто така, го посетија археолошкиот локалитет "Тумба Маџари", каде што според програмата имаше фотографирање во традиционални народни носии на истото место. На 11 Октомври во сопртската сала М. А. Ченто се одржа свечениот концертот, на кој што настапија сите четири групи и го прикажаа својот автентичен фолклор преку орото и песната од своите предци.



# Отворени забавни фудбалски школи



Општина Гази Баба по седми пат ја организираше спортската манифестација "Отворени забавни фудбалски школи", која е наменета за најмладите жители на општината.

Три дена на стадионот во населеното место Трубарево, над 200 деца од општина Гази Баба на возраст од 6-12 години другаруваа и се забавуваа низ спортски игри.

Децата беа поделени во неколку групи, а спортските активности се изведуваа под водство на обучени тренери и асистенти, предводени од спортски лидери.

На плоштадот во Автокоманда во рамките на одбележувањето на Денот на независноста на Република Македонија, исто така се реализираа спортски игри во рамките на спортската манифестација "Забавни фудбалски школи", каде 150 деца од 6 до 12 години се забавуваа низ спортските активности.











# Меѓународен карате турнир Солидарност опен



Во спортската сала М. А. Ченто по тринаесети пат се одржа Меѓународниот карате турнир "Солидарност опен" во организација на КК Солидарност, а под покровителство на општина Гази Баба.

Натпреварите се одвиваа екипно и поединечно во кати и борби.

Во вкупен пласман најдобри беа: 1 место Фунакоши Гичин од Скопје, 2 место Улцињ од Улцињ. Екипата на КК Солидарност во вкупен пласман беа трети, но како домаќини пехарот им го отстапија на четврто пласираните Ронин од Прилеп.

Најдобар во категорија - ката поединечно, беше Кристијан Бојовски од КК Фунакоши Гичин од Скопје, а најдобар натпреварувач во кумите, беше Столе Смилковски од КК Олимпик спорт 2007 Скопје.

Пехар за најмасовно учество доби КК Фунакоши Гичин Скопје.

На овој турнир учествуваа 48 екипи од 5 држави, со околу 350 натпреварувачи

# Таеквондо клуб „Кобра“



Градоначалникот Тони Трајковски ги прими членовите и тренерите на Таеквондо клубот "Кобра" , кој работи во ОУ "Дане Крапчев". Овој клуб во кој членуваат 30 спортисти, бележат одлични резултати на државни и меѓународни натпреварувања.

Само во 2013 година на Меѓународниот натпревар во Белград, Р. Србија клубот освои две златни и еден бронзен медал, на Државниот натпревар Илинденска пролет освоија две златни медали, седум сребрени и шест бронзени, како и пехар за освоено трето место екипно.









# Започнаа училишните спортски лиги

Во спортската сала М.А. Ченто, по осми пат, во организација на општина Гази Баба и Сојузот за училишен спорт Гази Баба, започнаа училишните спортски лиги, кои ги отвори градоначалникот Тони Трајковски.

Во рамките на училишните лиги се вклучени спортовите мал фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг понг и атлетика.

Во лигите кои ќе траат за време на целата учебна година и во сите спортски дисциплини, учествуваат над 800 ученици од сите основни училишта од подрачјето на општината. Градоначалникот на учениците им подари топки за фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, рекети за пинг понг, како и дресови за фудбал и кошарка за сите натпреварувачи.










# Турнир во мал фудбал 8-ми септември












Екипата "СУК Импекс" е победник на годинешното издание на традиционалниот турнир во мал фудбал "8ми Септември".

Тие во возбудливото финале од овој турнир, со резултат од 2:1 го победија тимот на "Партнер Дизајн".

Третото место на турнирот го освои тимот "Јувентус", кои со резултат од 3:0 го победија тимот на "Јавното претпријатие Градски Паркинг - Скопје".

Пехарите и наградите за победниците на овој турнир ги доделија градоначалниците на Град Скопје и Општина




Гази Баба, Коце Трајановски и Тони Трајковски.

Турнирот годинава имаше и хуманитарен карактер, каде сите собрани средства се донирани за лекување на 21 годишниот Стефан Ѓуревски, кој боледува од прогресивна мускулна дистрофија.

Турнирот "8 - ми Септември" се одржа по 6-ти пат и истиот беше во организација на "БА-ТУ-ТА Скопје" на кој учество зедоа повеќе од 70 екипи.

Покровители на турнирот беа Општина Гази Баба и град Скопје, а медиумски покровител беше Спортско радио 90,3.



## Телефони на Јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Архимедова 2, Скопје

| **Телефони:** | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk** <br> **mediumi@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-4-22-22** |

Општина Гази Баба

**Редакција:**

Емилија Кипровска
Дејан Стојанов
Ана Урбан
redakcija@gazibaba.gov.mk

**Печати:**

Европа 92

**Тел:** +389 (0)2/ 3 22 66 55;